Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

КОНДИШИЈА

Стручно списание за физичко образование, спорт и здравје

ISSN 1857 - 9620 (Print)
ISSN 1857 - 8196 (Online)
Година 12, Број 22, 2025.

Охридско езеро, с. Трпејца



И З Д А В А Ч:

Факултет за физичко образование, спорт и здравје

Главен уредник:

Влатко Неделковски

Уредници:

Небојша Марковски
Андријана Мисовски

Уредувачки одбор:

Роберт Христовски
Душко Иванов
Јошко Миленкоски
Зоран Радиќ
Александар Туфекчиевски
Војо Настевски
Гино Стрезовски
Милан Наумовски
Вујица Живковиќ
Ленче Алексовска Величковска
Жарко Костовски
Орце Митевски
Георги Георгиев
Ицко Ѓорговски
Горан Ајдински
Лидија Тодоровска
Горан Ајдински
Лена Дамоска
Даниела Шукова Стојмановска
Ванчо Поп-Петровски
Иван Анастасовски
Горан Никовски
Митричка Џ. Старделова
Илија Клинчаров
Александар Ацески
Серјожа Гонтарев
Руждија Калач
Александар Симеонов
Катерина Спасовска
Борче Даскаловски
Владимир Вуксановиќ
Наташа Мешковска
Зоран Поповски
Слободан Николиќ
Томислав Андоновски
Горан Милковски
Лазар Нанев
Марко Стевановски
Мартин Андоновски
Даниел Трбогазов
Миодраг Тодоровиќ

Уредувачки совет:

Milan Žvan, (Republic of Slovenia)
Matej Tuešek, (Republic of Slovenia)
Lubiša Lazarević, (Republic of Serbia)
Dejan Madić, (Republic of Serbia)
Milovan Bratić, (Republic of Serbia)
Saša Milenković, (Republic of Serbia)
Miodrag Kocić, (Republic of Serbia)
Igor Jukić, (Republic of Croatia)
Luka Milanović, (Republic of Serbia)
Josip Maleš, (Republic of Croatia)
Duško Bjelica, (Montenegro)
Ljudmil Petrov (Republic of Bulgaria)
Munir Talović (BIH, Sarajevo)
Izet Rađo (BIH, Sarajevo)
Milan Čoh (Republic of Slovenia)
Munir Talović (BIH, Sarajevo)
Borislav Obradović, (Republic of Serbia)
Jelena Obradovi, (Republic of Serbia)

Технички уредник

Александар Ацески

Лектура

Дарко Темелкоски

Печати:

Бомат графикс

С О Д Р Ж И Н А

1. БИОИНФОРМАТИЧКА ТЕРАПИЈА: НОВА ПАРАДИГМА ВО РЕГУЛАЦИЈАТА, РЕГЕНЕРАЦИЈАТА И МЕДИЦИНСКАТА НАУКА (3)
2. БИОМЕХАНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОСКИТЕ (10)
3. РАСТ ПРЕКУ ОДНОСИ: ГРАДЕЊЕ ДОВЕРБА ВО ТИМОТ И СО ПАЦИЕНТИТЕ (15)
4. ОПШТИ И МЕХАНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ПЛИВАЊЕ ВО РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА НА ОДРЕДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА (21)
5. Г - СИЛИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА ПЕРФОРМАНСИ И БЕЗБЕДНОСТ ВО ФОРМУЛА 1 (27)
6. МОНИТОРИРАЊЕ НА СРЦЕВАТА ФРЕКВЕНЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ (35)
7. ВЛИЈАНИЕТО НА ФУБАЛСКИТЕ ЛЕГЕНДИ ВРЗ МЛАДИТЕ (41)
8. КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕНИСКИОТ РЕКЕТ (45)

ВЛИЈАНИЕТО НА ФУБАЛСКИТЕ ЛЕГЕНДИ ВРЗ МЛАДИТЕ



УДК: 796.332.092-051:316.663-053.6

Катерина Спасовска
Факултет за физичко образование, спорт и здравје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,
Македонија
е-пошта: kategim@yahoo.com

Викторија Спасовска
Александар Ацески

АПСТРАКТ

Фудбалот без сомнение е еден од најпопуларните спортови на светско ниво со милиони обожаватели и како глобален спорт има уникатна способност да влијае на младите генерации. Познат по својата способност да обедини луѓе од различни култури, фудбалот не само што е спорт, туку тој е и културен феномен кој промовира важни вредности како што се тимска работа, дисциплина и спортска етика.
Во центарот на овој труд се фудбалските легенди кои не само што поставуваат рекорди и освојуваат награди туку и создаваат модели на однесување и морални вредности кои младите играчи често ги следат. Од Пеле до Меси, преку Роналдо и Зидан, овие спортисти не само што ги воодушевуваат младите туку и ги учат на важните принципи на животот. Овие спортисти не само што се примарни примери за успех во спортот туку и фигури кои ги инспирираат младите на многу начини. Преку својата посветеност, вештина и успех тие стануваат идоли кои ги мотивираат младите да ги следат своите соништа. Нивните приказни за достигнувањата преку напорна работа, дисциплина, посветеност и истрајност ги инспирираат младите да ги следат нивните чекори посочувајќи им го вистинскиот пат кон успехот.

Клучни зборови: фудбал, легенди, млади

THE INFLUENCE OF FOOTBAL LEGENDS ON YOUTH

Katerina Spasovska, Viktorija Spasovska, Aleksandar Aceski
Faculty of physical education, sport and health,
University –„ Ss. Cyril and Methodius” – Skopje,
Macedonia

ABSTRACT

Football is undoubtedly one of the most popular sports in the world, with millions of fans and as a global sport it has a unique ability to influence young generations. Known for its ability to unite people from different cultures, football is not only a sport, but also a cultural phenomenon that promotes important values such as teamwork, discipline and sportsmanship.
At the center of this paper are football legends, who not only set records and won awards, but also create models of behavior and moral values that young players often follow. From Pele to Messi, through Ronaldo and Zidane, these athletes not only inspire young people, but also teach them important principles of life. These athletes are not only prime examples of success in sports, but also figures who inspire young people in many ways. Through their dedication, skill and success, they become idols who motivate young people to follow their dreams. Their stories of achievement through hard work, discipline, dedication and perseverance inspire young people to follow in their footsteps, showing them the right path to success.

Key words: football, legends, youth

ВОВЕД

Фудбалот е повеќе од спорт, тој е глобален јазик кој ги обединува луѓето низ целиот свет. Со својата моќ да создава емоции, да инспирира и да промовира вредности како тимска работа, дисциплина и чесност, фудбалот има значајно влијание врз младите генерации. Особено важна улога во оваа динамична средина ја имаат фудбалските легенди, кои со својот пример и достигнувања служат како модел за младите. Тие не само што ги инспирираат со својата вештина и успех, туку и со своите морални квалитети и вредности, кои ги промовираат преку својот живот и кариера.
Еден од најзначајните аспекти на нивното влијание е нивната способност да ја пренесат пораката за успехот, посветеноста и трудот што е потребен за да се достигне врвот. Младите играчи ги гледаат како пример што ги мотивира да ги следат своите соништа, да се борат со предизвиците и да развиваат свои способности. Во овој труд направен е обид да се добијат информации за тоа како фудбалските легенди влијаат врз младите инспирирајќи ги да ги следат своите соништа и да се стремат кон личен и спортски успех.

Фудбалските легенди и нивниот придонес во спортскиот развој на младите

Еден од најзначајните аспекти на влијанието на фудбалските легенди е нивната способност да ја пренесат пораката за успехот. Младите играчи гледаат како овие спортисти се искачуваат на врвот благодарение на многу труд, дисциплина и посветеност. Ова влијание се протега од теренот до надвор од него, обликувајќи ги младите спортисти на различни нивоа.

Фудбалските легенди како модели за имитирање

Фудбалските легенди служат како примери за младите играчи обликувајќи го нивното однесување на теренот и надвор од него. Набљудувајќи ја работната етика, дисциплината и ставовите на своите идоли, младите спортисти се мотивирани да ги применуваат овие квалитети во својот живот и кариера. Оваа имитација се манифестира во нивната посветеност на тренинг, во нивната одговорност кон екипата, во нивната борбеност и во нивниот стремеж за перфекција. Покрај тоа, младите фудбалери се инспирирани од нивната истрајност во справувањето со предизвиците и тешкотиите што им се поставуваат на патот и од посветеноста што ја покажуваат во својата кариера.
Фудбалските легенди, преку своите извонредни вештини и иновативни техники, служат како моќни примери за младите играчи. Начинот на кој легендите му пристапуваат на спортот, вклучувајќи ги и новите техники и стратегии, може да се искористи од младите спортисти за да го подобрат својот стил на игра. Набљудувајќи ги нивните движења, тактики и решавање на проблеми во текот на играта, младите играчи можат да се инспирираат да ги усвојат овие елементи во својата игра и на тој начин да ја збогатат својата техника. Од прецизните удари, преку неверојатните дриблинг-вештини, до стратегиско разбирање на играта, младите играчи можат да направат корисни приспособувања во својата игра користејќи ги легендите како свои лични ментори.

Инспирација за истрајност и посветеност

Како младите играчи се инспирирани од истрајноста и посветеноста што фудбалските легенди ја покажуваат во својата кариера. Овие квалитети, кои се често занемарувани во денешно време, се предаваат како важна порака за успех, истакнувајќи дека успех не се постигнува преку ноќ, туку преку труд, посветеност и непрекината работа на себе. Борбите и препреките што овие легенди ги совладуваат во својот личен и професионален живот ги

охрабруваат младите спортисти да продолжат да се борат со предизвиците на сопствените патеки.
Младите фудбалски играчи се водени од верувањето дека можат да постигнат величина исто како и нивните легендарни идоли. Успесите на историските фудбалски фигури им даваат чувство на можност, зголемувајќи ги нивната самодоверба и вербата во сопствениот потенцијал.

Развивање позитивни вредности, спортскиот дух и фер-плеј

Легендите претставуваат пример и за позитивни вредности, како што се тимскиот дух, почит кон противниците и способност за одржување на баланс помеѓу спортскиот успех и личниот развој. Спортскиот дух што го покажуваат фудбалските легенди, како што се почитта кон противниците, судиите и соиграчите ги инспирира младите играчи не само да се фокусираат на победата, туку и да ја истакнат важноста на фер-плејот и интегритетот во своите игри. Младите спортисти гледајќи ги овие модели се учат да ги вреднуваат овие вредности и да ги вградат во својата спортска и лична практика.

ЗАКЛУЧОК

Фудбалските легенди служат како модели за младите играчи. Нивното однесување на теренот, нивните вештини и технички способности можат да ги инспирираат помладите генерации. Преку личните примери им нудат на младите спортисти постојан извор на инспирација и мотивација, охрабрувајќи ги да ги следат своите соништа и да се стремат кон највисоките нивоа на успех во фудбалот. Нивните приказни за успех, како и за неуспеси, им покажуваат на младите спортисти дека истрајноста и напорната работа се темелите на секое постигнување. Тие учат дека пречките се нормален дел од кариерата и дека нивното совладување е неопходно за постигнување на целите. Покрај тоа, фудбалските легенди ги учат младите за важноста на фер-плејот, почитта кон противниците и соиграчите. Преку овие примери, младите спортисти учат дека вистинскиот шампион не е само оној што победува на теренот, туку и оној што го демонстрира вистинскиот спортски дух. Со акцент на фер-плејот, младите учат дека победата не е единствената цел, туку и начинот на кој се постигнуваат резултатите. Фудбалските легенди вградуваат вредности како што се трудољубивост и дисциплина. Младите гледаат дека дури и на највисоко ниво успехот бара постојан напор, физичка подготовка и ментална издржливост.
На крајот може да заклучиме:
* Еден од најзначајните аспекти на влијанието на легендите е нивната способност да ја пренесат пораката за успехот. Младите играчи гледаат како овие спортисти се искачуваат на врвот благодарение на многу труд и усовршување.
* Фудбалските легенди не само што се икони поради своите вештини, туку и поради нивните принципи на етика и спортска култура. Младите играчи учат на важноста на тимската работа и почитувањето на противникот.
* Практикувањето на работната етика и дисциплината уште од најрана возраст може да доведе до поголеми успеси во кариерата на играчите и стекнување доживотни позитивни навики.
* Постои значајна врска помеѓу воведувањето на фудбалските легенди како примери и подобрување на вештините и способностите на младите фудбалски играчи. Кога младите играчи имаат можност да учат од најуспешните и највлијателните фигури во историјата на фудбалот, тие добиваат инспирација и мотивација да се подобруваат. Легендите како пример ги покажуваат најдобрите практики, техники и тактики, што ги поттикнува младите да ги усвојат тие вредности и да ги развиваат своите вештини. Покрај тоа, нивната приказна и достигнувања ја зголемуваат вербата и посветеноста на младите играчи, што резултира со подобри перформанси и развој на нивниот потенцијал. Затоа, интегрирањето на

фудбалските легенди во тренинг-процесот е од клучно значење за едукација и напредок на идните генерации на фудбалери.
* Фудбалските легенди често користат иновативни техники и стратегии кои можат да им покажат на младите фудбалери нови начини на подобрување на нивниот стил на игра. Како резултат, младите спортски таленти не само што учат техники, туку и ги применуваат во својата игра, што може да доведе до побрз напредок и подобри резултати во нивниот спортски развој.
* Примерот на успешни спортисти може да ја зголеми самодовербата на младите играчи и да ги мотивира да работат на својот развој.

ЛИТЕРАТУРА

Караџов, Ј. (2018). Инспиративната улога на фудбалските легенди во младинскиот развој. Македонски спортски преглед, 8(1), стр. 23-30.
Gordon, B. (2014). The Influence of Football Heroes on Young Athletes: Motivation and Role Modelling. Journal of Youth Sports, 9(2), 112-125.
Miller, J. (2012). Role Models in Sport. Вклучен во: Handbook of Sport Psychology.
Morrow, S. (2017). The Power of Football Legends: Inspiration for Young Athlet